РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-319/4
17-11-2020
________г./v.

ДКСК — KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција на подносителот ------- -------- ------, на 41-та седница одржана на ден 11.11.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-2865 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-2865/1 од 28.05.2019 година доставена од подносителот ------- ------- ------, , **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметот 12-2865 од 2019 година.

Предметот со број 12-2865 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2865 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-2865/1 од 28.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот ------- -------- --- ------.

Во пријавата се изнесени наводи за незадоволство од спроведени постапки за вработување во институции во -----, конкретно во Државниот архив на РМ, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – ------и Институтот за старословенска култура. Станува збор за постапки по кои биле реализирани вработувања по јавни огласи објавени од наведените институции во 2018 година, а на кои подносителот на пријавата бил пријавен како кандидат, но на истите биле избрани други кандидати кои според него не одговарале на профилот на работните места кои се барале и постапките биле спроведени на незаконски начин вклучувајќи непотизам и корупција. Во доставената пријава не се наведува дали од страна на подносителот на пријавата биле поднесени жалби по однос на одлуката за избор на кандидат во било која институција каде што тој аплицирал. .

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до подносителот на пријавата и побара да се достават дополнителни податоци и документација во врска со предметниот случај.

По барањето на Државната комисија доставено е известување со кое се известува дека подносителот немал добиено повратно документација од ниту една институција каде што тој конкурирал,

а во врска со случајот, конкретно за конкурсот за вработување во Музеј и завод - -----, биле поднесени тужби од други лица кои исто така конкурирале на овој конкурс а што придонело за поништување на предметниот конкурс. Кон известувањето, од страна на подносителот на пријавата не се доставени подетални информации со прилог документација туку доставена е само неговата кратка биографија(CV) и дипломата а со цел ДКСК да се увери во неговото искуство и да го потврди фактот дека чекал 13 години за вработување.

Врз основа на сето погоре констатирано, ДКСК оцени дека во нема доволно елементи за утврдување на фактичката состојба за конкретниот случај односно, од предметните наводи и расположливата документацијата која е доставена кон пријавата не може да се утврди дека во конкретниот случај станува збор за повреда на некој закон и не произлегува дека бил загрозен јавниот интерес од страна на службени лица при вршење на нивните јавни овластувања и службената должност, по што одлучи дека ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај, постапката по предметната пријава се запира и предметот да се затвори и да се архивира.

Оттаму, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 11 ноември 2020 година под бр. 12- 319/4**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :

- Архива
- Подносителот

Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил : м-р Шемши Салаи, Член на ДКСК